# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>31.01.2011 год.<br>БРОЈ 1 ГОДИНА 46 | |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ДВИЖНИ ОСНОВНИ СРЕДСТВА- ОПРЕМА И ДРУГИ СРЕДСТВА ОД ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД НА ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР“ ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на одлуката за отстапување на движни основни средства – опрема и други средства од ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид на ЈП „ Градски пазар“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.01.2011 год.

**Број 08-18/3**
**28.01.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески ,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.01.2011 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ДВИЖНИ ОСНОВНИ СРЕДСТВА - ОПРЕМА И ДРУГИ СРЕДСТВА ОД ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД НА ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за отстапување на движни основни средства- опрема и други средства од ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид на ЈП „Градски Пазар“ Охрид.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-18/3**
**28.01.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид, а согласно Одлуката од општина Охрид број 07-2152/22 од 30.08.2010 година, Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид на својата седница одржана на ден 10.01.2011 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за отстапување на движни основни средства - опрема и други средства од ЈП “Охридски Комуналец” Охрид на ЈП “Градски пазар” Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отстапување во трајна сопственост на движни основни средства сопственост на ЈП “Охридски Комуналец” Охрид на ЈП “Градски пазар” Охрид.

**Член 2**

Предмет на отстапување се следните движни основни средства:

Канцелариско биро, 2 броја; комода, 1 број; фотелја, 1 број; столици со наслон, 5 броја; компјутер со печатар, 2 броја; каса сеф метален, 1 број; фискална каса мобилна, 2 броја; фискална каса фиксна, 1 број; калкулатор /

олимпија, 1 број; машина скалар, 1 број; грејнин тела, 2 броја; електрична печка, 1 број; штандови, 35 броја ( 9 штандови расходовани на пописот); тезги, 318 броја (расходовани 10); тезги / сандаци, 8 броја; контејнери, 5 броја; чуварска куќа, 1 број и барака КЕН, 1 број .

**Член 3**

Отстапувањето на средствата опфатени во член 2 од оваа Одлука е во функција за непречено и нормално работење на ЈП "Градски пазар" Охрид.

**Член 4**

Отстапувањето на средствата се врши според книговодствената и фактичката состојба евидентирана во ЈП "Охридски Комуналец" Охрид со запишување во книговодствената евиденција на ЈП "Градски пазар" Охрид.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од страна на Советот на општина Охрид.

УО на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид
Претседател,
Дипл.инж.Трајче Савески с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО НЕДВИЖНОСТИ ОД ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД НА ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР" ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на одлуката за отстапување на правото на користење и управување со недвижности од ЈП „Охридски Комуналец" Охрид на ЈП „ Градски пазар" Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.01.2011 год.

**Број 08-18/4**
**28.01.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.01.2011 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО НЕДВИЖНОСТИ ОД ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД НА ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за отстапување на правото на користење и управување со недвижности од ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид на ЈП „Градски Пазар“ Охрид.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 18/4**
**28.01.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид, а согласно Одлуката од општина Охрид број 07-2152/22 од 30.08.2010 година, Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид на својата седница одржана на ден 10.01.2011 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за отстапување на правото на користење и управување со недвижности од ЈП вОхридски КомуналецвОхрид на ЈП вГрадски пазарг Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отстапување на правото на користење и управување со дел од недвижниот имот на ЈП вОхридски Комуналецв Охрид на ЈП вГрадски пазарг Охрид.

**Член 2**

Предмет на отстапување се:

- Хала за текстил во Градско пазариште со вкупна површина од 336 м2

-Градежно земјиште по извод од урбанистичкиот план за 1-ва урбана единца број 690/84 за оформување на Градското пазариште во вкупна површина од 12.582 м2 на следните катастарски парцели:
14382; 14381; 14379; 14378; 14377; 14376; 14380;14378;14369;14368;14367;14386;
14371; 14364; 14365; 14387;14366/1;14404;14403;14402;14323;14324;14325;14326;
14328; 14407;14329; 14285;14384 и 14366/2, сите во КО Охрид. Локацијата е доделена врз основа на Решение на Собрание на општина Охрид 01-690 од 08.02.1984 година

-Градежно земјиште на КП бр.4472/1 КО Охрид со површина од 5226 м2, локација Алтанин мост

-Деловни простори на КП бр. 14384/4 ( 8 деловни простори х 30 м2 )

-Тоалет во Градски пазар

**Член 3**

Преносот на право на користење и управување со недвижниот имот се врши со запишување во јавните книги на катастарот во Охрид

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од страна на Советот на општина Охрид.

УО на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид
Претседател,
Дипл.инж.Трајче Савески с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ДВИЖНИ ОСНОВНИ СРЕДСТВА- ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА, ОПРЕМА И ДРУГИ СРЕДСТВА ОД ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД НА ЈП „ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на одлуката за отстапување на движни основни средства - транспортни средства, опрема и други средства од ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид на ЈП „ Погребни услуги “ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.01.2011 год.

**Број 08-18/5**
**28.01.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.01.2011 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ДВИЖНИ ОСНОВНИ СРЕДСТВА-ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА, ОПРЕМА И ДРУГИ СРЕДСТВА ОД ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД НА ЈП „ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на одлуката за отстапување на движни основни средства-транспортни средства, опрема и други средства од ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид на ЈП „Погребни услуги“ Охрид

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 18/5**
**28.01.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид, а согласно Одлуката од општина Охрид број 07-2152/21 од 30.08.2010 година, Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид јна својата седница одржана на ден 10.01.2011 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за отстапување на движни основни средства - транспортни средства, опрема и други средства од ЈП “Охридски Комуналец” Охрид на ЈП “Погребни услуги” Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отстапување во трајна сопственост на движни основни средства од ЈП “Охридски Комуналец” Охрид на ЈП “Погребни услуги” Охрид.

**Член 2**

Предмет на отстапување се следните движни основни средства:

Компјутер Пент 4 без монитор, 1 бр; Компјутер Пент 3 комплет, 1 бр.; Апарат за работно време, 1 бр,; Факс панасоник, 1 бр.; Телефон панасоник, 1 бр.; Телефон 3/1 ХП, 1 бр.; Принтер 3/1 самсунг, 1 бр.; Пластифицирка, 1 бр.; Музички систем филипс, 1.бр.; Биро аголно, 1 бр.; Конференциска маса, 1 бр.; Столчина со наслон, 6 бр.; Стаклена витрина двокрилна, 1 бр.; Дрвена витрина двокрилна, 1 бр.; Метална закачалка, 2 бр.; Метална пепељара, 1 бр.; Дигитрон мал, 1 бр.; Електрична печка, 1 бр.; Каса сеф, 1 бр.; Радијатор ковектор, 2 бр.; Завеси вариолајт, 5 бр.; Метален ормар, 1 бр.; Бироа, 6 бр.; Витрина дрвена, 2 бр.; Електрична печка, 1 бр.; Сталажа метална, 3 бр.; Комоди дрвени, 2 бр.; Помошна ниска маса, 1 бр.; Фотељи, 2 бр.; Клима ВИВАХ, 1 бр.; Возило Мазда ОН 991АС, 1 бр.; Резервна гума, 1 бр.; Дигалка, 1 бр.; Клуч за колца, 1 бр.; Штрафцигер, 1 бр.; Клучеви 10-12 14-15, 2 бр.; Возило Фолсваген, 1 бр.; Резервна гума, 1 бр.; Плакар, 1 бр.; Чекан 1 бр.; Клешти, 1 бр.; Ножици, 1 бр.; Возило марка "ТАМ", со рег.бр.ОН 708 BU, 1 бр; Мини ровокопач, 1 бр.

**Член 3**

Отстапувањето на средствата опфатени во член 2 од оваа Одлука е во функција за непречено и нормално работење на ЈП "Погребни услуги" Охрид.

**Член 4**

Отстапувањето на средствата се врши според книговодствената и фактичката состојба евидентирана во ЈП "Охридски Комуналец" Охрид со запишување во книговодствената евиденција на ЈП "Погребни услуги" Охрид.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од страна на Советот на општина Охрид.

УО на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид
Претседател,
Дипл.инж.Трајче Савески с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО НЕДВИЖНОСТИ ОД ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД НА ЈП „ПОГРЕБНИ УСЛУГИ" ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на одлуката за отстапување на правото на користење и управување со недвижности од ЈП „Охридски Комуналец" Охрид на ЈП „ Погребни услуги" Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.01.2011 год.

**Број 08-18/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.01.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.01.2011 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО НЕДВИЖНОСТИ ОД ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД НА ЈП „ ПОГРЕБНИ УСЛУГИ “ ОХРИД.**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за отстапување на правото на користење и управување со недвижности од ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид на ЈП „ Погребни услуги “ Охрид.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-18/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.01.2011 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид, а согласно Одлуката од општина Охрид број 07-2152/21 од 30.08.2010 година, Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид на својата седница одржана на ден 10.01.2011 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за отстапување на правото на користење и управување со недвижности од ЈП “Охридски Комуналец” Охрид на ЈП “Погребни услуги” Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отстапување на правото на користење и управување со дел од недвижниот имот на ЈП “Охридски Комуналец” Охрид на ЈП “Погребни услуги” Охрид.

**Член 2**

Предмет на отстапување се:

- Полигон за обука на возачи
- Административни простории во состав на објектот на капелата со површина од 110 м2

**Член 3**

Преносот на право на користење и управување со недвижниот имот се врши со запишување во јавните книги на катастарот во Охрид.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од страна на Советот на општина Охрид.

УО на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид
Претседател,
Дипл.инж.Трајче Савески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ДВИЖНИ ОСНОВНИ СРЕДСТВА- ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА, ОПРЕМА И ДРУГИ СРЕДСТВА ОД ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на одлуката за отстапување на движни основни средства - транспортни средства, опрема и други основни средства од ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид на ЈП „ Градски гробишта “ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.01.2011 год.

**Број 08-18/7**
**28.01.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.01.2011 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ДВИЖНИ ОСНОВНИ СРЕДСТВА –ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА, ОПРЕМА И ДРУГИ СРЕДСТВА ОД ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на одлуката за отстапување на движни основни средства – транспортни средства, опрема и други средства од ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид на ЈП „Градски Гробишта“ Охрид.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 18/7**
**28.01.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески ,с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид, а согласно Одлуката од општина Охрид број 07-2152/20 од 30.08.2010 година, Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид на својата седница одржана на ден 10.01.2011 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за отстапување на движни основни средства - транспортни средства, опрема и други средства од ЈП “Охридски Комуналец” Охрид на ЈП “Градски гробишта” Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отстапување во трајна сопственост на движни основни средства од ЈП “Охридски Комуналец” Охрид на ЈП “Градски гробишта” Охрид.

**Член 2**

Предмет на отстапување се следните движни основни средства:

Косачка за трева, 1 број; Жила, 2 броја; Вила, 1 број ; Лопати, 8 броја; Прскалки за трева, 2 броја; Фотељи метални со тапацир, 9 броја; Икони, 3 броја; Пепељари метални, 3 броја; Метални постоља во комора, 1 број; Мали бојлерчиња, 1 број; Голем бојлер, 1 број; Метален ормар со крило, 1 број; Казми, 10 броја; Метална количка со 4 тркала, 1 број; Жардињери, 2 броја; Електрична печка, 2 броја; Количка, 5 броја; Фангли, 2 броја; Чекан 5 броја; Васер вага, 4 броја; Шара железна, 1 број; Трактор “Тома Винковиќ”, 1 број; Приколка, IS, 1 број; Мала приколка, 1 број; Телефон, 1 број; Батерија, 1 број; Мобилен телефон

- Моторола, 1 број;  Метал. калап Л=1, 30 броја; Л=0,1, 27 броја; Пластични калапи за плочки, 60 броја; Продолжен кабел, 1 број; Цевка Ф 500, 1 број; Цевка Ф 300, 1 број; Пластични калап за столпчиња, 3 броја; Метален калап за жардињери, 2 броја; Мешалки за бетон, 1 број; Мазалица на декламит, 1 број; Шлајферица столна, 1 број; Машина за сечење мермер, 1 број; Рачна шлајферица, 1 број; Роцангли,1 број; Кабел монофазен, 1 број; Пантограф со точило, 1 број; Хилта, 1 број; М.бимбало, 1 број; Глета видии, 4 броја, Двокрилен ормар, 1 број, Метален ормар со 4 врати, 1 број; Столарски стеги, 8 броја; Вибро жаби, 1 број; Имбус клучеви комплет, 1 број; Бонсек, 1 број; Рачна водна шлајферица, 1 број; Сеф, 1 број; Компјутер со печатар, 1 број; Компјутер со монитор, 1 број; Кварна грејалица, 2 броја; Печатар Самсунг МЛ 1649, 1 број; Дупчалка за хартија, 1 број, Абрихтер, 1 број; Струг за дрво, 1 број; Рачвасти клучеви, 4 броја; Рачна шара, дрвена, 1 број; Глето за дрво, 1 број; Ормар за алат, 1 број; Циркулар, 1 број; Лист за циркулар, броја 2; Штемајз, 1 број; Клешти коњски, 1 број; Менгеме, 1 број; Помошна маса, 1 број; Метална ногари, 2 броја; Брусилица Стил, 1 број; Бормашина Б.Декер, 1 број; Заштитни наочари, 1 број; Рачен циркулар 1200, 1 број; Штрафцигери комплет, 1 број; Канцелариско биро, 8 броја; Столица, 7 броја; Фотељи, 4 броја; Сталажи дрвени, 4 броја; Вариолајт завеси, 3 броја; Хефталица, 1 број; Ножици, 1 број; Мистрија, 4 броја; Скепар, 4 броја; Метро метално, 2 броја, Гребла , 7 броја; Јапонер, 2 броја; мала мешалица за бетон, 1 број  и  Возило "Југо" 55 со рег. ознака ОН 001 АО, 1 број.

**Член 3**

Отстапувањето на средствата опфатени во член 2 од оваа Одлука е во функција за непречено и нормално работење на ЈП "Градски гробишта" Охрид.

**Член 4**

Отстапувањето на средствата се врши според книговодствената и фактичката состојба евидентирана во ЈП "Охридски Комуналец" Охрид со запишување во книговодствената евиденција на ЈП "Градски гробишта" Охрид.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со  денот на добивање согласност од страна на Советот на општина Охрид.

УО на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид
Претседател,
Дипл.инж.Трајче Савески  с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО НЕДВИЖНОСТИ ОД ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на одлуката за отстапување на правото на користење и управување со недвижности од ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид на ЈП „ Градски гробишта “ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.01.2011 год.

**Број 08-18/8**
**28.01.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.01.2011 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО НЕДВИЖНОСТИ ОД ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД.

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за отстапување на правото на користење и управување со недвижности од ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид на ЈП „Градски Гробишта“ Охрид.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-18/ 8**
**28.01.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид, а согласно Одлуката од општина Охрид број 07-2152/20 од 30.08.2010 година, Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид на својата седница одржана на ден 10.01.2011 година ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за отстапување на правото на користење и управување со недвижности од ЈП "Охридски Комуналец" Охрид на ЈП „ Градски гробишта" Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отстапување на правото на користење и управување со дел од недвижниот имот на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид на ЈП "Градски гробишта" Охрид.

**Член 2**

Предмет на отстапување се:

-Капела со површина од 368 м2;
-Административни простории во состав на капелата со површина од 72 м2;
-Ресторан во кругот на Градските гробишта со површина од 420 м2;
-Магацински простор со површина од 210 м2;
-Киоск од Полипласт, 2 броја и
-Земјиштето во Градските гробишта со површина од 133.700 м2.

**Член 3**

Преносот на право на користење и управување со недвижниот имот се врши со запишување во јавните книги на катастарот во Охрид

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност о д страна на Советот на општина Охрид.

УО на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид
Претседател,
Дипл.инж.Трајче Савески с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ИМЕ НА СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНИОТ ЦЕНТАР ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за определување име на спортско рекреативниот центар Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.01.2011 год.

**Број 08-18/9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.01.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" 5/02) и врз основа на член 18 од Статутот на Општина Охрид ( „Службен гласник на Општина Охрид бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.01.2011 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ИМЕ НА СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНИОТ ЦЕНТАР ОХРИД**

**Член 1**

На Спортско рекреативниот центар Охрид му се определува име – **АТИНА БОЈАЏИ .**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид".

**Број 07-18/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.01.2011 година** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

**И С П Р А В К А**

Се врши исправка во Одлуката за основање на Јавно претпријатие за утврдување на пазари на големо и мало „Градски пазар"-Охрид број 07-2152/22 од 30.08.2010 година.

Во насловот и текстот на Одлуката се вришат наводниците каде што пишува „Градски пазар".

Во член 3 став 2 од одлуката после зборот „Градски пазар" се брише „тирето".

**Број 0710-196/1** **СТАТУТАРНО-ПРАВНА КОМИСИЈА**
**28.01.2011 година** **Претседател,**
**О х р и д** **Јованка Дамоска Секулоска с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за давање согласност на одлуката за отстапување на движни основни средства-опрема и други средства од ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид на ЈП „Градски Пазар“ Охрид | 2 |
| 2. | Одлука за давање согласност на одлуката за отстапување на правото на користење и управување со недвижности од ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид на ЈП „Градски Пазар“ Охрид | 4 |
| 3. | Одлука за давање согласност на одлуката за отстапување на движни основни средства-транспортни средства, опрема и други средства од ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид на ЈП „Погребни услуги“ Охрид | 6 |
| 4. | Одлука за давање согласност на одлуката за отстапување на правото на користење и управување со недвижности од ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид на ЈП „Погребни услуги“ Охрид | 8 |
| 5. | Одлука за давање согласност на Одлуката за отстапување на движни основни средства-транспортни средства, опрема и други средства од ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид на ЈП „ Градски гробишта “ Охрид | 9 |
| 6. | Одлука за давање согласност на одлуката за отстапување на правото на користење и управување со недвижности од ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид на ЈП „Градски гробишта“ Охрид | 12 |
| 7. | Одлука за определување име на Спортско рекреативниот центар Охрид | 14 |
| 8. | Исправка | 14 |